## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5656 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 10 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во седмиот по ред десетдневен извештаен период, од 1 до 10 ноември, анализирани се исто толку изданија на Вестите од 19.00 часот ма ТВ Алсат - М. Вкупното времетраење на анализираните прилози е 4 часа 4 минути и 42 секунди. Станува збор за новинарски прилози со претежно информативен жанровски предзнак - вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар, изјави (Табела 1).

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Алсат М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| СДСМ | 00:09:55 | 4,05 | % |
| Други субјекти | 00:33:19 | 13,62 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:15:59 | 6,53 | % |
| Судство | 00:11:11 | 4,57 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:09 | 1,29 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:13:31 | 5,52 | % |
| Влада на РМ | 00:35:43 | 14,60 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:58 | 1,62 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:27 | 1,00 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:10:41 | 4,37 | % |
| Беса | 00:02:10 | 0,89 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:18:46 | 7,67 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:21:35 | 8,82 | % |
| Привремена комисија | 00:00:44 | 0,30 | % |
| Граѓански сектор | 00:14:19 | 5,85 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:08:14 | 3,36 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:26 | 0,99 | % |
| Без субјекти | 00:24:02 | 9,82 | % |
| Локална самоуправа | 00:06:25 | 2,62 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:20 | 0,95 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:26 | 0,18 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:15 | 0,51 | % |
| НДП - Фадил Зендели | 00:00:26 | 0,18 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:38 | 0,26 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:49 | 0,33 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:14 | 0,10 | % |
| | **Вкупно: 04:04:42** | 100 | % |

Нема промени кај трите првозастапени субјекти од овој, седми по ред, извештаен период, во споредба со застапеноста на субјектите од претходниот Извештај. Повторно, редоследот е ист – „Влада на РМ", „Други субјекти" и „Без субјекти", коишто заедно, како и минатиот пат, зафаќаат приближно 40% од вкупното време на анализираните прилози во вестите на ТВ Алсат - М. Трите субјекти имаат двоцифрена процентуална застапеност.

Медиумот одвоил околу 36 минути (14.60%) од вкупното време на анализираните прилози да информира за активностите на владините претставници или самиот да креира прилози во коишто Владата се појавува како еден од субјектите. Во овој извештаен период, Телевизијата одвои простор за неколку настани коишто се поврзани со Министерството за образование и наука, дел од нив за дневни актуелни случувања, а дел од нив актуелизирани од страна на самиот медиум, најчесто пренесени како извештаи со коментаторски елементи. Медиумот во неколку прилози информираше за ревизорскиот извештај за ненаменските трошења на претходниот министер за образование, за очекувањата - што ќе преземе во врска со тоа неговиот наследник, и кои се следните чекори на надлежните органи. Темата образование, со вклученост на Министерството или ресорниот министер, ја надополнуваат прилозите поврзани со: некомплетните студиски групи на Универзитетот „Мајка Тереза", случувањата околу поднесените жалби до Централниот регистар во врска со промените на имиња на неколку основни училишта во општина Чаир, учениците од село Батинце кои

немаат учебници поради административни пропусти, недостиг од наставен кадар во Битола во училиштата каде наставата се одвива на албански јазик, состојбата во којашто се наоѓа Музејот на албанската азбука, инфраструктурните проблеми на ОУ „Лирија" од Тетово и др. Уште неколку настани, за коишто информираше медиумот, придонесуваат за застапеноста на субјектот „Влада на РМ". Еден од нив е поврзан со случувањата на релација МВР – дополнителен заменик-министер за труд и социјална политика Диме Спасов, по сообраќајните прекршоци на дополнителниот заменик-министер. Друг настан, за којшто медиумите информираа во континуитет, беше затворањето на најголемиот загадувач во државава, комбинатот Југохром, и улогата што надлежните органи, пред сè Министерството за екологија, ја имаа во тој зафат. Како позначаен настан, за којшто беше неопходно да се чуе и ставот на надлежните владини претставници, а за кој Телевизијата информираше со неколку прилози, беше најновиот Извештај на Европската Унија за нашата земја. За застапеноста на Владата како субјект придонесуваат и ред други настани за коишто информираше медиумот (ново владино финансиско задолжување, случувања на релација Министерство за култура – ЗАМП околу забраната за емитување музика од домашни автори, улогата на надлежните министерства - МВР и МТСП - во врска со обвинувањата за насилство врз дете од градинката „Фидани" од Скопје, јавниот долг на државата и ставот на Министерството за финансии по тоа прашање итн.).

Временски идентична застапеност колку и во претходниот извештаен период од 33 минути, имаат субјектите методолошки кодирани како „Други субјекти". Во овој десетдневен извештаен период (од 1 до 10 ноември), оваа категорија ја претставуваат: адвокати, универзитетски професори, Комбинат Југохром, Универзитет „Мајка Тереза", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, новинари, Радио Слободна Европа, Народна банка на РМ, доктори, Сојуз на стопански комори на РМ, Утрински весник, топлификација Скопје-север, Државна комисија за спречување корупција итн.

Третозастапена категорија е онаа кодирана како „Без субјекти", со присуство од 24 минути (9.82%). Доминираат прилозите за поплавите кои, поради обилните дождови, зафатија повторно некои од подрачјата што беа под вода со августовските врнежи, но и други подрачја што сега трпат штети поради големите количества вода. Медиумот низ прилози го пренесе стравот на засегнатите граѓани од водената стихија, отстапувајќи им простор за непосредно обраќање или говорејќи за нивните маки. Такви се прилозите за состојбите во Сингелиќ и околината, Тетово, Рашче. Пред да зафатат новите поплави, ТВ Алсат - М на терен разговараше со жителите од некои населени места во врска со тоа дали се задоволни со обештетувањата што ги добија како последица на претходните поплави. Известуваше и за проблемите со водата за пиење на дел од жителите на Тетово, за лошата патна инфраструктура во селото Лопате, кумановско, за проблемите со кровната конструкција на Основното училиште „Лирија" од Тетово и др., при што главни соговорници беа жителите на посочените места и засегнатите ученици. Следејќи го развојот на настаните со можното насилство врз дете од градинката „Фидани" од Скопје од страна на воспитувачките, Телевизијата емитуваше неколку прилози во коишто редовно го пренесуваше ставот на родителот на детето, којшто и го обелодени настанот пред медиумите.

Меѓу 27-те субјекти застапени во анализираните прилози во вестите на ТВ Алсат - М, единаесет се политички субјекти. Три од нив (ВМРО ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ) се временски позастапени, како резултат на нивните партиски активности, или како дел од некоја анализа на медиумот, во којашто се споменувани како политички чинители. Во прилозите на телевизијата е одвоен простор и за следниве политички субјекти: ДПА, Беса, ДПА-ДР, ДОМ, Коалиција ВМРО За Македонија, Коалиција Унитети, ДПА-ДР и НДП на В.Мемеди, НДП на Фадил Зендели.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Алсат М | Траење | Процент |
|---|---|---|
| СДСМ | 00:02:23 | 3,72 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:04 | 3,22 % |
| Влада на РМ | 00:08:54 | 13,89 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 00:12:54 | 20,13 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:49 | 4,40 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:12 | 19,04 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:50 | 2,86 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:34 | 10,25 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:16 | 11,34 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:09 | 3,36 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:27 | 0,70 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:21 | 0,55 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:39 | 2,57 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:17 | 2,00 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:21 | 0,55 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:26 | 0,68 | % |
| Беса | 00:00:29 | 0,75 | % |
| | **Вкупно: 01:04:05** | 100 | % |

Околу 75% од времето на директните обраќања зафаќаат пет субјекти коишто имаат двоцифрена процентуална застапеност - „Други субјекти“, „Експерти/аналитичари“, „Влада на РМ“, „Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари“ и „Граѓански сектор“. Со по 12 минути, најзастапени во прилозите на ТВ Алсат - М се обраќањата на субјектите што припаѓаат на категоријата „Други субјекти“ и на експертите/аналитичарите.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Дебатни емисии</u>*

Во седмиот десетдневен извештаен период, од 1 до 10 ноември, се емитувани шест премиерни дебатни изданија, по две во рамки на емисиите „Патот кон“ и „Економски магазин“ и по едно дебатно соочување во емисиите „200“ и „360 степени“. Емитувани се и 4 репризи, две се однесуваат на изданијата на емисијата „Патот кон“, и две на емисијата „200“.

На 1 ноември, гости во емисијата „200“ беа универзитетскиот професор и аналитичар Имер Исмаили, новинарката Билјана Секуловска и политичкиот аналитичар Алберт Муслиу, коишто дискутираа за тоа - дали е реална можноста Албанците да го дадат својот глас за некоја партија од македонскиот политички блок. По полноќ, во рамки на наредниот ден, емисијата беше репризирана. Реприза од емисијата беше емитувана и на 6 ноември.

Гости во изданието на емисијата „Патот кон“ од 3 ноември беа Арбен Таравари од политичката партија ДПА-ДР, Шпетим Положани од Здружението на поранешни политички затвореници Албанци во Македонија и аналитичарот Висар Адеми. Водителката информира дека бил поканет и претставник од партијата Беса, но од таму ја одбиле поканата. Тројцата присутни дебатираа за претстојните избори, со акцент на појавата на повеќе партии во албанскиот политички блок и колку тоа може да влијае на бројот на пратеници Албанци. Емисијата е репризирана два пати, на 4 и на 5 ноември.

По завршувањето на „Патот кон“ од 3 ноември, емитувано е дебатно соочување и во рамки на емисијата што третира економски теми, именувана „Економски магазин“. За тоа во каква состојба се наоѓа македонското стопанство и дали задолженоста на државата е на високо ниво, дебатираа економскиот

експерт и поранешен гувернер на Народната банка Петар Гошев и Кире Наумов, дополнителен заменик-министер за финансии.

На економски теми, пред сè за јавниот долг, се разговараше и во изданието на емисијата „360 степени" од 4 ноември, каде гостуваа универзитетските професори Марјан Петрески и Борче Треновски и новинарката Нина Нинеска.

Второто издание на емисијата „Патот кон" во рамки на овој извештаен период беше емитувано на 10 ноември, со предизборните случувања како фокус на интерес, со акцент на листите за пратеници и претстојните партиски кампањи. Гостуваа Зеќирја Ибрахими од Беса, Зулфи Адили од Унитети и Ферид Мухиќ, кандидат за пратеник од листите на Коалицијата предводена од СДСМ.

По завршувањето на „Патот кон", емитувано е уште едно издание на емисијата „Економски магазин", во којашто за економските забелешки во најновиот извештај на Европската Унија, дебатираа министерот за економија, Дритон Кучи и Фатмир Беќири од Стопанската комора на Северозападна Македонија.

*Интервјуа*

На внатрешно-политички теми се емитувани 2 разговори во рамки на емисијата „360 степени", а на теми поврзани со изборите во САД се емитувани 4 разговори во емисијата „200".

Во емисијата „360 степени" од 7 ноември се реализирани два одделни разговора: едниот со вицепремиерот за евроинтеграции Арбер Адеми и вториот со потпретседателката на СДСМ Радмила Шеќеринска. Извештајот на Европска Унија за нашата земја беше во фокусот на разговорот со вицепремиерот, а околу предложените листи со кандидати за пратеници на Коалицијата предводена од СДСМ, се разговараше со претставничката на оваа партија. Изданието на „360 степени" со двата разговора е репризирано во раните утрински часови на 8 ноември.

За изборите во САД, во рамки на емисијата „200", беа емитувани четири независни интервјуа. На програмата на ТВ Алсат - М гостуваа: Џес Бејли, амбасадор на САД во Република Македонија, Јулиан Зила, експерт за политичка комуникација, Рубен Авдиу, главен уредник на весникот „Илирија" од Њујорк и Елизабет Ести, конгресменка од САД. Премиерата на емисијата е емитувана на 8 ноември, а репризата на 9 ноември.

***Сектор за програмски работи***